# „Ми беа прикажани Џенетот и Џехенемот – и никогаш досега не сум видел нешто слично на денешниов ден кога станува збор за доброто и злото. А ако вие го знаете она што јас го знам – малку би се смееле, а многу би плачеле.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: До Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, стигнала вест за нешто што го направиле неговите асхаби, па одржал хутба и рекол: „Ми беа прикажани Џенетот и Џехенемот – и никогаш досега не сум видел нешто слично на денешниов ден кога станува збор за доброто и злото. А ако вие го знаете она што јас го знам – малку би се смееле, а многу би плачеле.“ Енес вели: „Немало потежок ден за асхабите на Божјиот пратеник од тој ден. Ги покрија главите и почнаа тивко да липаат.“ Тогаш стана Омер и рече: „Задоволни сме со Аллах како наш Господар, со исламот како наша вера и со Мухамед како наш веровесник.“ Потоа стана еден човек и праша: „Кој е мојот татко?“ – а Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му одговори: „Твојот татко е тој и тој.“ И тогаш беше објавен ајетот: ,,О, верници, не прашувајте за тоа што ќе ви причини непријатност ако ви се објасни." (Ел-Маиде, 101)

[صحيح] [متفق عليه]

До Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, стигнала вест за нешто што го направиле неговите асхаби – а тоа било дека премногу го оптоварувале со прашања. Тоа го налутило, па одржал хутба и рекол: „Ми беа прикажани Џенетот и Џехенемот. Не сум видел повеќе добрини од тие што денес ги видов во Џенетот, ниту поголемо зло од тоа што денес го видов во Џехенемот. А доколку вие би го виделе она што јас го видов, и доколку би го знаеле она што јас го знам – ќе бевте силно исплашени, малку ќе се смеевте, а многу ќе плачевте.“ Енес, Аллах нека е задоволен со него, вели: „Немало потежок ден за асхабите на Божјиот пратеник од тој ден. Ги покрија своите глави и почнаа тивко да липаат – од силниот плач се слушаше звук што им излегуваше низ носот.“ Тогаш стана Омер, Аллах нека е задоволен со него, и рече: „Задоволни сме со Аллах како наш Господар, со исламот како наша вера и со Мухамед како наш веровесник.“ Потоа стана еден човек и праша: „Кој е мојот татко?“ Одговори: ,,Татко ти е тој и тој." Тогаш беше објавен ајетот: ,,О, верници, не прашувајте за тоа што ќе ви причини непријатност ако ви се објасни." (Ел-Маиде, 101)